# Службен гласник на Општина Делчево

# Број 9

# 01.04.2025 година

**Излегува по потреба**

**Уредува**

**Одделение за правни и општи работи**

**април, 2025**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 01.04.2023 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА АКТИТЕ ОД ВОНРЕДНАТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**I**

Да се објават во „Сл.гласник на Општина Делчево“, актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на Вонредната седница, одржана на 28.03.2025 година и тоа:

1. Заклучок по Барање бр.09-795/1 од 27.03.2025 од Кирил Великчковски

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- 823/1**
**01.04.2025 г.**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник**
**Горан Трајковски**

1.Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 145 од Деловникотна Советот на општината, а по Барање бр.09-795/1 од 27.03.2025 година на Кирил Велчковски од Делчево, Советот на Општина Делчево, на Вонредната седница, одржана на ден 28.03.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Се препорачува на сопствениците на посебните делови во зградата на бул. „Македонија“ -комплекс „Делчевчанка“, да донесат одлука со која ќе формираат заедницата на сопственици на станари или ќе определат лиценциран управител кој ќе ги води работите на управување.

2. Се препорачува на сопствениците на посебните делови во зградата на бул. „Македонија“- комплекс „Делчевчанка“, да постапат согласно со одредбите од Правилник за начинот и постапката за означување на објектот, поставување заштитна ограда, видот на ознаките и отстранување на објектот („Сл.весник на РМ“ бр. 35/11) и тоа:

   - просторот околу објектот или делот од објектот за кој постои опасност од уривање да го оградат со заштитна нетранспарентна ограда која се состои од бетонски и лимени панели;
   - заштитната ограда да биде поставена на соодветно растојание од објектот имајќи ја предвид висината на објектот за кој постои опасност од уривање, како и теренските услови, а може да е подигната најмногу 5 сантиметри од нивото на теренот и треба да има висина од најмалку 2 метри;
   - на сите страни од оградата да се стават ознаки со должина од најмалку 1 метар и висина од најмалку 80 сантиметри, со предупредување дека се работи за објект за кој постои опасност од уривање;
   - ознаките да бидат со жолта основа, а предупредувањето со црвени букви;
   - при отстранување на објектот или дел од објектот, шутот веднаш се отстранува од лице место и се транспортира на локација определена за депонирање градежен шут согласно со закон, со преземање соодветни безбедносни мерки.

3. Се препорачува сопствениците на посебните делови во зградата на бул. „Македонија“ -комплекс „Делчевчанка“ да изготват Проект за санација и реконструкција на кров со цел да се издаде одобрение од надлежниот орган и да се ангажира правно лице кое ќе ги изведе градежните работи за санација и реконструкција на кровната конструкција на зградата.

4. Се препорачува сопствениците на посебните делови во зградата на бул. „Македонија“- комплекс „Делчевчанка“, да ги обезбедат пристапните влезови и излези со заштитно скеле;

5. Се задолжува градежниот инспектор при Општина Делчево да излезе на терен и да постапи согласно со законските обврски и согласно со Правилникот за начинот и постапката за означување на објектот, поставување заштитна ограда, видот на ознаките и отстранување на објектот („Сл.весник на РМ“ бр.35/11);

6. Доколку сопствениците на посебните делови не можат да донесат одлука во однос на работите за управување со зградата, а станува збор за нужна работа (одржувањето, поправките и инвестициското одржување на заедничките делови на зградата), како што е во конкретниот случај, се известуваат сопствениците на посебните делови во зградата на бул. „Македонија“- комплекс „Делчевчанка“, дека можат да постапат согласно

со член 13 став 1 од Законот за домување, на начин што секој сопственик може да поднесе предлог до Судот во вонпарнична постапка за донесување одлука која го заменува договорот за заемни односи.

7. Се препорачува на МВР -Сектор за внатрешни работи Штип- ОВР Делчево, Дирекција за заштита и спасување-Одделение Делчево и Центар за управување со кризи- Одделение Делчево, да излезат на терен и да проценат дали постои општа опасност согласно со закон.

8. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

9. Овој Заклучок да се достави до МВР -Сектор за внатрешни работи Штип-ОВР Делчево, Дирекција за заштита и спасување-Одделение Делчево и Центар за управување со кризи-Одделение Делчево.

**Бр. 09 - 806/1**
**28.03.2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Гоце Попов**